Љубен ЛАПЕ

# СПОМЕНИТЕ НА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ КАКО ИЗВОР ЗА ИСТОРИЈАТА НА МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО-ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ ДО 1904 год.

Многу е богата мемоарската литература во нашата историографија, како онаа што е досега објавена, а уште повеќе онаа што во ракопис е прибрана во архивите и други установи и чека на објавување.

Вообичаено е да си ги пишуваат своите сеќавања луѓето сами, било непосредно по самите настани, што е поретко, било по прилично подолг временски период од моментот кога се случиле, што е најчесто. Најодзади своите спомени луѓето можат да ги диктираат и усно на лица што се заинтересирани да ги забележат од нив. Иако оваа практика е поретка, во последно време таа зема сѐ поголем замав. Токму еден од последниве видови на запишување спомени ќе биде предмет на нашиов напис.

## 1. Љубомир Милетич како запишувач на спомените на Ѓорче Петров

Бугарскиот филолог и општествен работник Љубомир Милетич, роден во Штип од татко српски учител Ѓорѓе Милетич и мајка Македонка од Велес, како професор на Софискиот универзитет пројавил жив интерес кон македонското национално-ослободително движење и неговите водачи, токму во периодот кога ова движење било во својот највисок напон и сила, т.е., во времето на Илинденското востание и хуриетските настани. Голем како филолог по бугарската јазична проблематика, Милетич во однос на Македонија и нејзиниот народ се покажал како педантен спроводник на идеите на големобугарската буржоазија и двор, застапувајќи се во сите свои дела по однос на македонската проблематика за „бугарскиот карактер" на Македонија. Меѓутоа несомнена е неговата заслуга што самоиницијативно дошол на среќната идеја и успеал да ги запише и објави спомените на редица основоположници и важни учесници во македонското национално-револуционерно движење и по тој начин да ги запази од заборав многуте непознати податоци значајни за историјата на македонскиот народ. Објавувајќи ги овие спомени во специјална серија под наслов „Материјали

за историјата на македонското ослободително движење" почнувајќи од 1925 година, Милетич ги изнесол поопширно и мотивите што го поттикнале тогаш да ги запишува овие спомени како и начинот на нивното запишување.[1]) Стигнал да ги запише спомените на 26 учесници во македонското национално-ослободително движење. Објавувајќи некои од спомените на раководителите во посебни книги или во една книга на неколку мина заедно собрани, Милетич редовно давал во предговорот на книгата кратки биографски податоци на личностите чии спомени ги запишувал, времето на нивното запишување и карактеристика на личноста што му ги изнесувала своите сеќавања. Нема збор за тоа дека во овие уводни зборови и предговори Милетич се обидувал на неупатениот читател да му го натури низ својата призма на гледање својот поглед за ликот и карактерот на личноста, како и нејзиното место во македонското национално-ослободително движење. До која мера пак вршел интервенции во самиот текст на раскажувачите на спомените, не сме во состојба да констатираме освен во случаите кога самите раскажувачи објавиле свои верзии на спомени или делови на такви, што не е така чест случај, или кога објавените архивски документи дозволуваат тоа да се констатира, што е уште поголема реткост.

Во редицата објавени спомени во веќе спомнатата серија како книга VIII се појавиле 1927 година и спомените на Ѓорче Петров.[2]) Како и другите до тогаш објавени спомени и спомените на Ѓорче Пе-

---

[1] ..... Мислев дека настаните за кои сите тогаш уште толку живо се сеќаваа до најмали ситници, во скоро време ќе ги подзаборават, дека главните дејци раководители на востанието (Илинденско б. м.) кои најдобро знаеја да ги објаснат тие настани се смртни луѓе, особено кога мнозина од нив изјавуваа дека штом ќе помине зимата (1903 б. м.), пак ќе заминат во Македонија да умрат за делото. Тогаш решив да спасам за историјата што може, кога ќе запишам од устата на повидните револуционери коишто се наоѓаа во Софија зимата 1903/4 сé што помнат како учесници во ослободителното движење. Идејата наиде на одобрување и мнозина со задоволство се одѕваа на поканата да идат кај мене, за да го запишам поважното од нивните спомени. Срекавањата станувaa обично по вечера и редовно траеја по 6—7 часа. Знаеја моите гости дека се однесува за материјали за идната полна историја на македонската револуционерна борба и затоа секој, од сé срце, се заветуваше дека ќе ја кажува самата вистина. Јас постојано поставував прашања кои се однесуваа навидум и на малу важни работи, та често соговорникот недоумуваше, дали заслужува да се запираме на такви ситници. Посебно настојував да се сеќаваат за имињата на учесниците при секој покарактеристичен случај од каде е родум, со каква работа се занимавал пред тоа, барав да им ги кажат, освен кратките биографски податоци за себе, и првите надворешни влијанија врз нив што придонеле да се заинтересираат за револуционерната борба и да се решат да му го посветат животот на ова народно дело. Ги прашав и за литературата која можеби им повлијаела во оваа насока.

Поради многуте подробности, за кои некои од моите соговорници имаа чудесна памет и помнеа безброј имиња, датуми и случки од дадена положба, срекавањата продолжија долго време низ целата зима.

Треба да кажам дека јас, пишувајќи го она што ми го раскажуваа, се грижев по можност да го запазам наполно јазикот на раскажувачите: поради тоа моите запишувања имаат скоро наполно карактер на оригинални спомени на нивните автори. (Възстаническото движение въ Югозападна Македония. По спомени на Славейко Арсовъ. Съобщава Л. Милетичъ, София 1925, стр. 5—7).

[2] Спомените се преведени на македонски јазик и објавени под истиот наслов „Спомени на Ѓорче Петров" Скопје 1950 год.

тров биле снабдени со еден доста долг предговор, напишан од самиот Љубомир Милетич. Споредени со другите објавени спомени во оваа серија, спомените на Ѓорче Петров ги надминуваат по обем сите објавени во таа серија и изнесуваат 208 страници текст. За жал тие ги опфаќаат биографските податоци од животот на Ѓорче Петров и неговото учество во македонското национално-ослободително движење само до месец август 1904 г. Во предговорот Милетич објаснува дека по 23-то редовно среќавање Ѓорче Петров бил принуден да го прекине усното изнесување на своите спомени пред Милетича на 30 јуни 1903 година и заминал некаде неодложно и веќе не ги продолжил своите раскажувања. Навистина голема е загубата за историјата на македонското национално-ослободително движење што Милетич не стигнал да го забележи периодот од 1904 година натаму и учеството на Ѓорче Петров во него, бидејќи ни тој не е помалку важен и интересен од претходниот.

Како што веќе се спомна, Милетич имал обичај во предговорите на спомените да им сугерира на неупатените читатели свои погледи и оценки за личностите чии што спомени ги забележувал. Предговорот на Милетича кон спомените на Ѓорче Петров е класичен пример на извртување на ликот, погледите и ставовите на Ѓорче Петров во македонското национално-ослободително движење. Кога се исправил да ги изнесува своите спомени пред Милетича, Ѓорче Петров многу добро знаел дека стои пред еден од своите многубројни идејни противници, а Милетич поспецијално се ползуваше меѓу нив со висок научен реноме. Затоа Ѓорче само со нему својствената смелост и прибраност, што и во други случаи и пред други поопасни личности ја покажувал во одбрана на вистината, и овде не затаил да ја изнесе.

Својот предговор Милетич го почнува навидум со многу висока оценка дека „Гьорчо Петровъ[3]) е необикновено силна и оригинална личность между главнитѣ македонски дейци, които положиха основитѣ на Вѫтрешната революционна организация и които до общото възстание въ 1903 г. направляваха революционното движение въ Македония"... дека „...той е главниятъ spiritus agens въ повечето важни и, тайнствени начинания по дѣлото на революцията"[4]), што е сосема точно, за во идните редови веќе Милетич да почне многу вешто да ги поткопува и разбива претходните позитивни искажувања. На пример..." ...„Гьорчо рано почва да минава за вещъ дипломатъ съ таинствени похвати въ които дори едно изтънчено лукавство не рѣтко изиграва първа роля. И друга една характерна черта у Гьорчо е правила впечатление—неговата пословична опоритость в преследване дадена цель при което не винаги се прави изборъ на средствата стига да се постига цельта. Удивителната енергия която Гьорчо развива безъ огледъ

---

[3] И во насловот и во предговорот, Милетич ја заменува сосема неоправдано македонската форма на името Ѓорче со бугарската форма Ѓорчо, иако низ целиот текст во спомените Ѓорче често пати ја дава македонската форма.

[4] Спомени на Гьорчо Петрвовъ, Съобщава Л. Милетичъ, София 1927, страна IX од предговорот.

къмъ лишения, житейски неудобства и всѣкакъвъ видъ спънки, отъ самото начало на революционната му дейность го издига като с и л а, н а к о я т о м н о з и н а т о г а в а п р и д а в а т ъ с ѣ к а ш ъ д е м о н и ч е с к и к а р а к т е р ъ"[5]). Очевидна е тенденцијата на Милетича да ги омаловажи, да ги оцрни Ѓорчевите навистина големи способности во одбрана на независноста на Организацијата и нејзините јасно зацртани програмски начела во статутарните документи. Впрочем не би била полна сликата на вештите потфати на Милетича во предговорот ако не дадеме и уште неколку други места од него. Така спрема Милетича „фанатиченъ защитникъ на независимоста на В.О. (Внатрешната организација б. м.) спрямо всѣки опитъ на вмѣшателство отъ страна на дейцитѣ около върховния революционенъ комитетъ[6]) въ България, а особено отъ страна на българскитѣ правителствени срѣди, Гьорчо въ своята неотстѫпчивость често на мнозина е правилъ впечатление на м а к е д о н с к и „с е п а р а т и с т ъ". В споменитѣ си той енергично протестира противъ такъво криво разбиране истинскитѣ му родолюбиви побуждения и изобщо се оплаква отъ едностранчива преценка на неговата дейность, дължима споредъ него на кѫсогледство и на личенъ егоизъмъ у сподвижницитѣ му"[7]) Очевидна е намерата на Милетича да фалсифицира дека Ѓорче правел само впечаток на „сепаратист", а всушност не требало да се смета за таков, зашто божем и тој самиот протестирал во своите спомени за тоа, без да укаже по каков повод и на какво место од спомените. Сè во ваков стил и со вакви вешти монтажи Милетич се обидува да ја искасапи и омаловажи големата фигура на Ѓорчета. На пример за Милетича и понатаму „Безспорно Гьорчо Петровъ се указва отъ самото начало твърде способенъ организаторъ и н е у м о р и м ъ а г и т а т о р ъ с ъ д е м а г о г с к и п о х в а т и. . ." или „Колкото и въ своя животъ да се е показвалъ невзискателенъ и скроменъ, обикновено и небреженъ къмъ своята външность, п а р а д и р а й к и с ъ с в о я к р а й н о с н и з е н ъ д е м о к р а т и з ъ м ъ, при все това от друга страна Гьорчо е убеденъ, че умствено стои повисоко дори и отъ найвиднитѣ рѫководни сили на В.О., счита се по съобразителность и по конкретни заслуги за дѣлото наймалко равенъ тѣмъ и смѣта че по право му се пада да има рѫководна роля въ В.О. Въпрѣки всичката му външна скромность въ душата на Гьорчо се таи с и л н о ч е с т о л ю б и е, което граничи с ъ с у е т н о с е б е н а д ц е н я в а н е[8])". итн. итн. (подвлеченото на секаде од Љ. Л.) за на крајот како кулминација на сето извртување да дојде до заклучок дека заради ваквите негови ставови бил одбегнуван што го натерало да оди во опозиција сè поналево и најодзади „. . .той става, както се знае, противникъ и на самата В.О. въ лицето на претставителитѣ ѝ въ

[5] Jdem стр. 10.

[6] За Внатрешната организација Милетич не го употребува вообичаениот атрибут како револуционерна, а тоа му го припишува на Врховниот комитет што дури и самиот во својот званичен наслов го немал.

[7] Спомени на Гьорчо Петровъ, стр. X—XI од предговорот.

[8] Спомени на Гьорчо Петровъ, стр. XI.

Ц. К." без Милетич да каже дека тој ЦК е самозван и составен од личности што немаа никаква врска со основните принципи и начела на основоположниците на Тајната Македоно-одринска револуционерна организација и дека тие го ликвидираа Ѓорчета среде софиските улици на 28 јуни 1921 г. на најперфиден начин. Ваква е спрема мислењето на Л. Милетич „со таинствени потфати", „со демонски карактер", „со силно честољубие", „парадерство и лажен демократизам", „со суетно себенатценување" личноста на Ѓорче Петров, чиишто спомени ги забележал пред 19 години и ги објавил 6 години по неговата смрт.

## 2. Кратки биографски податоци за Ѓорче Петров[9])

Следејќи го животниот пат и делата од првите до последните денови на неговиот живот, објективниот историчар не може, а да не се согласи дека Ѓорче Петров е еден од врвните идеолози и организатори на македонското национално-револуционерно ослободително движење и еден од неговите најснажни раководители и заштитници. Неговиот нагорен пат, кој е неопходно потребно да се изложи подолу, ќе го покаже тоа.

Роден во прилепското предградие Варош околу 1866 г., Ѓорче Петров го завршил основното училиште и долните класови на гимназијата во Прилеп и Битола, а трите погорни класови во Солун. Заради праќање дописки против деспотските постапки на егзархиските училишни власти во тогашната солунска гимназија, како и поради подбуцнувањето на своите другари на училиштен штрајк, бил исклучен од VI клас од оваа гимназија со уште 12—13 другари ученици. Од 1885—1887 г. бил наставник во Штип, во 1888 г. коректор во печатницата на Коне Самарџиев во Солун, од 1888—1891 наставник во Скопје, од 1891—1895 наставник и училиштен инспектор во Битола, а од 1895—1897 г. професор во Солун.

Во тогашните услови на бавно распаѓање на турскиот полуфеудален систем во Македонија, и во условите на засилената пропагандна активност на соседните балкански монархии коишто преку училиштата, црквите и вооружените чети работеле на потчинувањето на Македонија, Ѓорче Петров многу рано се осознал дека организирањето на македонскиот народ за револуционерна борба и за неговото систематско подготвување за ослободување од турското ропство и од апетитите на соседните буржоазии е единствен спасоносен пат. Од првиот ученички бунтар во Солунската гимназија, преку создавачот на првиот таен комитет во Штип 1885 г. којшто, поради сѐ уште незрелите услови се распаднал, Ѓорче Петров се качил на едно од врвните места на тукушто основаната Тајна македоно-одринска револуционерна организација во Солун, чиишто идејни, стратешки и тактички основи и принципи со своето знаење и неуморна работа до крајот на својот живот ги пополнувал, доградувал и бранел.

---

[9] Поопширни биографски податоци за Ѓорче види кај Гане Тодороски во неговата брошура „Ѓорче Петров". Скопје 1968.

Како наставник во Битола 1894 г. ги издавал првите нелегални новини на Организацијата под наслов „На оружје" и нивното издавање го продолжил во Солун. Во својството на член на ЦК на ТМОРО зел учество на нејзиниот Втор конгрес 1896 г. со Гоце Делчев заедно, каде и првпат се запознал со него. На истиот конгрес добил задача заедно со Г. Делчев да го изработи новиот устав и правилник на Организацијата, во кои дошла до израз основната мисла за сеопфатноста на разноверските и разнојазичните македонски и одрински маси и упорното внесување револуционерен дух и свест во нив за извојување, преку револуција, полна политичка автономија за Македонија и Одринската област.

Во 1897 г. бил пратен во Бугарија заедно со Г. Делчев да формираат задгранично претставништво на Организацијата со задача да ја претставува македонската Организација пред надворешниот свет, да ги брани нејзините интереси од сите надворешни напади, како и да ги задоволува нејзините потреби во оружје, литература и друго. Додека Г. Делчев повеќе се занимавал со практичните организациски задачи, Ѓорче Петров се борел против сите тајни и јавни планови на бугарската буржоазија и двор и нејзините опасни орудија во лицето на Врховниот македоно-одрински комитет во Софија и Бугарската егзархија во Цариград, кои настојувале да ги дофатат раководните места во Македонската организација или да го свртат нејзиното работење во своја полза. Во оваа борба со неспоредбено појакиот непријател, Ѓорче Петров го издавал прво својот весник „Бунтовник" 1898 г., потоа брошури во кои ги раскривал заткулисните планови и методи на разнообразните квазимакедонски комитети и непријатели, кои намаскирани ја играле улогата на „ослободители" на Македонија. Во најголемиот размав на борбите 1901. г Ѓорче Петров бил уапсен од страна на бугарската влада во Софија и на двапати (1901 и 1903) бил праќан во интернација во Трново и Казанлак. Поради ова и поради непризнавањето на бугарскиот врховист Иван Гарванов, кој го заграбил раководното место во Централниот комитет во Солун, бил сменет од местото задграничен претставител на Организацијата, но ја продолжил бескомпромисно борбата за запазување самостојниот карактер на македонското националноослободително движење од сите надворешни напади. Бил на чело на групата македонски раководители за непримање решението на Централниот комитет во Солун 1903 год. за кревање на востание, длабоко убеден дека ќе пропадне востанието поради недоволната оружена подготвеност на народните маси и поради непогодно одбраниот момент. Не успевајќи да го сопре решението за кревање востание, се префрлил од Бугарија во Македонија со една прилично голема чета и учествувал во Илинденското востание во Прилепскиот крај. По катастрофата од 1903 г. останал цела година нелегално во Македонија да ги средува приликите на заслабнатата Организација на теренот. Во крајот на мај 1904 г. учествувал на заседанијата на Битолскиот окружен конгрес, држан во прилепските села, заземајќи се во новосоздадените услови за изработување на нов статут и правилник на Организацијата, во кои

да дојдат до израз изборното начело на сите раководни тела од селските комитети надолу, до Централниот комитет нагоре, за да се сопре наметнувањето или вовлекувањето на луѓе, чии разбирања ќе и бидат туѓи на Организацијата, каков што бил бугарскиот врховист Иван Гарванов. Учествувал исто така и на Струмичкиот окружен конгрес во август истата година. Своите разбирања за целите, средствата и задачите на македонското национално-ослободително движење во новосоздадените услови по Илинденското востание, поподробно ги изнесол во неколку статии од списанието „Македонски преглед" за 1905 г. Спрема Ѓорче Петров во една од тие статии се вели: „Револуционерната активност и оружената борба на живот и смрт против турската власт мора да биде главен и основен фактор во решавањето на нашето прашање — фактор кој дејствува самостојно, независно од другите надворешни фактори, туѓи по дух и карактер. Ако се прибегне кон средства од владини извори, тогаш револуционерната идеја ќе пропадне".

На општиот конгрес на Организацијата во Рилскиот манастир 1905 г. Ѓорче Петров го водел левото крило на Организацијата заедно со Пере Тошев и Јане Сандански и, благодарение на неговото влијание, левицата однела победа на овој конгрес, донела нов статут и правилник во духот на неговите идеи и го одбрала пак за задграничен претставител на Организацијата во Бугарија.

По Младотурската револуција од 1908 г. и нејзините прокламирани начела за слободата на зборот, договорот и печатот, Ѓорче Петров повторно дошол во Македонија и заедно со писателот Антон Страшимиров го уредувал двонеделниот општествено-литературен журнал „Културно единство" во Солун од 1908—1909 г.

Во Балканската и Првата светска војна бил принуден политички да се пасивизира, но наеднаш по пробивот на Солунскиот фронт од страна на силите на Антантата, зел иницијатива заедно со македонскиот комунист Димо Хаџи Димов и прогресивната серска група да формира „Времено претставителство на обединетата бивша Внатрешна македонска револуционерна организација". Борејќи се од една страна против врховистичките орудија на Бугарија, кои пледирале за приклучувањето на Македонија кон Бугарија, а од друга против планираното дробење на македонската територијална целост на Версајската мировна конференција, Ѓорче Петров го истакнал барањето за „единствена и независна Македонија како стожер на мирот и балканската федерација". Овие свои разбирања ги спроведувал во Билтенот на ова Времено претставителство којшто излегувал во Софија воглавно под негова редакција. Во 1920 искажал желба за враќање, преку југословенскиот дипломатски претставник во Софија, и се обидел да се врати во својот роден град Прилеп, но неговото барање било одбиено од тогашните надлежни војни власти во Скопје. Последните години од својот живот ги поминал како раководител на една комисија за сместување на македонските бегалци по Првата светска војна во пределите на Бугарија. На 28 јуни 1921 г. бил подло убиен од врховистичките орудија среде Софија.

Ќе биде непотполна сликата и ќе му се нанесе голема неправда на Ѓорче Петров ако не се спомне, надвор од неговата политичка активност, неговото волуминозно дело од првите години на неговата културно-просветна работа и плод на неговите неуморни географско-етнографски испитувања, вршени на самиот терен на Македонија и објавени под наслов „Материяли по изучването на Македония", чиишто научни и стручни квалитети треба допрва да ги оценува нашата наука.

По зрелоста на своите погледи за целите и методите на борбата на македонскиот народ, по упорноста и способноста со која ја бранел со жив и пишан збор самостојноста и независноста на македонското национално-ослободително и револуционерно движење, по огромната енергија и патриотски жар што ги вложувал скоро четвртина век во тешките борби против разновидните непријатели на слободата на македонскиот народ, Ѓорче Петров доаѓа во редот на најкрупните фигури во македонското национално-ослободително движење што, впрочем, делумно може да се види и од неговите спомени што ги запишал Љубомир Милетич.

### 3. Вредноста на Ѓорчевите спомени како извор за поновата историја на Македонија

Нема објавени спомени на ниеден учесник во македонското национално-ослободително движење кои би содржеле така богати, сигурни и од најавтентично место црпени разновидни податоци, како што се спомените на Ѓорче Петров. Во таа смисла тие претставуваат вистинска ризница на најдрагоцени податоци за нашата понова историја. По својата положба на непосреден учесник во работата на окружниот комитет во Битола до неговото преместување во солунската гимназија, по своето краткотрајно учество во Централниот комитет на Организацијата наеднаш по своето доаѓање во Солун, по своето префрлање на работа во Задграничното претставништво во Софија, по организирањето и држењето на овој мандат до неговото апсење од страна на бугарската влада, по своето непосредно учество во редица состаноци и контакти со најодговорни личности било на Бугарската егзархија било на бугарската влада, Врховниот комитет и други општествено-политички тела, најодзади по своето непосредно учество во Илинденското востание и останување во Македонија до август 1904 година, Ѓорче Петров бил во можност да ни даде директни податоци од прва рака за разни настани и личности. Овие податоци проверени и споредени во други спомени или изворни документи, говорат дека не треба воопшто да се сомневаме во нивната вистинитост и автентичност. Највредното во Ѓорчевите спомени не е само горе спомнатото богатство и разновидност на податоците и опишаните настани, туку и длабокото и осмислено образложување на нивното настанување, раскривање на нивната честопати забулена сушност и навидум нормална логика на случување. Иако некои од нашите писатели искажуваат сомневање во автентичниот ка-

рактер на искажувањата и на нивното запишување од страна на Љубомир Милетич[10]) од она што сме имале можност до сега да го провериме кај други автори, ни се наложува ваквите искажани сомневања да ги прифатиме со извесна резерва.

Пред се спомените на Ѓорче Петров содржат најавтентични податоци од биографски карактер за потеклото на неговата фамилија од Прилепското село Тројаци, за неговото родно место и неговите први ученички години во Прилеп, Битола, Солун и Пловдив, за неговиот, опозиционен став кон језуитското воспитаните во солунската гимназија и праќање тајни дописки во весници против тоа, за најраниот бунтарски истап во солунската гимназија и исклучување со 12—13 другари од неа, за неговото учество во македонските емигрантски друштва во Пловдив и добивање мандат за создавање тајни комитети во Македонија, односно во Штип каде бил поставен за учител, воопшто за неговото движење во просветната служба во Македонија во својство на учител, професор, училиштен инспектор и коректор во печатницата на Коне Самарџија во Солун сè до неговото напуштање на просветната струка и посветување на револуционерна работа во својството прво на полномошник на Централниот комитет во Софија, а потоа и на задграничен претставник на Организацијата во Бугарија. Во таа смисла податоците се незаменлив извор од прва рака и никаде не можат да се најдат собрани на едно место како во овие спомени. За жал во овие биографски податоци фали точната дата на годината на неговото раѓање и, колку да е тоа навидум ситна работа сепак ни денес нема документ од каде би можеле со сигурност да утврдиме кога е точно роден Ѓорче Петров: 1865, 1866 или 1867 година.

Од сосема подруг карактер е за нас драгоцениот податок за краткотрајната активност на Ѓорче Петров на научно испитувачко поле во областа на географијата на Македонија, на начинот на прибирањето на податоци од самиот терен на Македонија, нивното систематизирање и објавување во веќе еднаш спомнатата волуминозна книга од 734 страници под скромниот наслов „Материали по изучванието на Македония”, но без неговиот потпис како автор.[11])

Уште на првите страници од спомените се среќаваме со податоци за разните форми од пропагандната активност на Бугарската егзархија во Македонија, за сувереното навлегување на Ѓорче Петров

---

[10] К. Чашуле, Мислата на Ѓорче Петров, сп. Разгледи“ за декември 1969 г. стр. 1021 и 1025; И Хр. Силянов во Освободителните борби на Македония. София 1933, том I, стр. 204 прави приговор за субјективностите.

[11] Во статијата „През Вардара“ објавена во „Културно единство“ во Солун година I, книга 3 и 4, стр. 4, каде го опишува своето навлегување во Македонија со чета преку врвот Султан тепе, Ѓорче Петров духовито се искажува за својата некогашна кратковремена научна активност: „Како на сон ги проверував моите географски проучувања. Некогаш бев идел преоблечен како тежок трговец на крупен добиток до блиското село Самари и сакав да се качам и на самиот Султан Тепе, но падарот се беше посомневал во нас, та требаше да бегаме. Си спомнувам колку жалев тогаш дека не стапив со нога на Султан Тепе. А сега одам по него и едвам се сеќавам за некогашното. На каде ме беше упатило школото, а каде ме изведе султанот. . . .“.

во срж[т]а на егзархиските намери да „господари со црковните и училишните работи во земјата“ потоа со податоци за масовното незадоволство на македонските младинци од таа активност во 90-те години од XIX век и оригиналното оценување на незадоволството како „прв чекор кон самодејност во земјата што неосетно се прероди во револуционерно движење” за коешто кружокот околу списанието „Лоза” тврдел дека тој се криел зад тоа движење[12]). Воопшто по прашањето на егзархиската проблематика спомените на Ѓорче Петров даваат редица извонредно важни и драгоцени елементи за смислената политика на Егзархијата и нејзините приврзаници во Македонија во борбата против штотуку создадената Тајна македоно-одринска револуционерна организација, за обидите на егзархиските луѓе да го задржат по секоја цена дотогашното суверено раководство на културно-просветниот живот во Македонија во свои раце што им избегнувало и постепено преминувало во рацете на организациските луѓе; драгоцени се податоците и за парирањето на егзархистите во Солун со формирањето на егзархиското „Братство” односно „Револуционерно братство” и успешната офанзива на Централниот комитет врз егзархот преку специјално за тоа испратениот Ѓорче Петров да врши распоред на организациските луѓе за учители, спрема списоците што самиот ЦК ќе му ги доставува секоја година. Точноста на последниве податоци се потврдува од тогашниот член на Централниот комитет Иван Хаџи Николов во неговите спомени.[13])

Уште додека бил во Битола прво како наставник во гимназијата, потоа како училиштен инспектор, Ѓорче имал можност да ги следи првите чекори на Организацијата во целиот Битолски вилает, а поспецијално во градот Битола. Оттука и неговите искажувања за првите почетоци на Организацијата во Битола и околијата, нејзиното навлегување најнапред во младинските редови па во еснафските средини, нејзиното опфаќање на селата, нејзиното ползување на остатоците од некогашните фарии кои се запазиле како самобитни оружени компании за уништувањето на лошите Турци, нејзиниот премин кон наоружување прво со бомби, а потоа со револвери и пушки и барање услуги од албанското население, сите овие и други податоци воопшто за социјалната структура на организациското членство во Битолско, неговата идејна подготовка за револуцијата преку наоружувањето и внесување револуционерна свест преку нелегалниот весник „На оружје” чијшто најдобар составувач на статиите бил самиот Ѓорче Петров[14]), се од неоценливо значење. Нивната автентичност и сигурност може да се докаже и со кратките објавени и опширните необјавени спомени на Анас-

---

[12] Спомени на Ѓорче Петров, стр. 10—12.

[13] Основане на четнически институт. Изпращане списъци въ Егзахията. Изъ запискитѣ на Ив. Х. Николовъ. „Ил. Илинден“ бр. 76 (1936) стр. 8.

[14] Боян Мирчев, Спомени на някои активни деици в македонското движение. Известия на Института по българска история IV, стр. 475; Во спомените овде на Лозанчев овој тврди дека „Пере не можеше да пишува. И Даме исто така не можеше да пишува, а пак Ѓорче можеше да пишува во продолжение на 48 часа без умора и тоа не само да пишува туку и да твори“.

тас Лозанчев[15]), тогашен член на Окружниот комитет на Битола, како и со објавените спомени на Григор Попов[16]), исто така тогашен член на Окружниот комитет во Битола.

Преместувањето на Ѓорчета во Солун, неговото вклучување во Централниот комитет и задржување во него до март 1897 година, му дало можност да ни даде во своите спомени ретки, а понекогаш и единствени до сега познати податоци за тогашната состојба на Централниот комитет, за начинот на неговото општење со округите, за распределбата на работата по сектори и улогата на поедини членови во ЦК, особено на Даме како негов секретар и дешифрант на сите писма од Солунскиот округ, за слабата материјална состојба на ЦК и начините на снабдување со пари преку доброволни прилози или насилни истргнувања од побогатите солунски граѓани, за односот на ЦК спрема егзархиските луѓе во самиот град и воопшто спрема Егзархијата, Врховниот комитет, неговата провокативна Мелничка акција и др. Некои од податоците од овој карактер пак се потврдуваат во спомените на тогашниот член на ЦК Иван Хаџи Николов[17]).

Ѓорчета го затече и свикувањето на општиот конгрес на Организацијата во Солун во време на летната ваканција 1896 година и неговото учество во тој знаменит, според учесниците и според решенијата конгрес на Организацијата. Тоа му овозможило да ни даде, единствени податоци за содржината на работата на конгресот, со оглед на тоа дека според Ѓорче не се водел записник од седниците на конгресот и не ни остави никој друг од учесниците податоци за конгресните решенија. Оттука и податоците што ни ги остави Ѓорче во своите спомени служат како првокласен извор за донесените решенија во врска со административната поделба на Организацијата на седум окрузи, признавањето на ЦК како врховен орган и неговото право да поставува единствено тој раководители на окрузите, да располага единствено тој со свој печат за расписките за целата Организација, потоа кореспонденцијата да се врши со шифрирана азбука и хемиско мастило, а што е најважно податокот за изработување на нов устав и правилник за Организацијата од страна на Ѓорче Петров и Гоце Делчев. Не се помалку значајни и податоците за покренатото прашање на овој конгрес околу измирувањето на ЦК со егзархистите во Солун и констатацијата на конгресот дека поради големите разлики во гледањето не е можно да се изврши тоа измирување. Интересен е и податокот на Ѓорче дека било подигнато и прашањето за примање жени за членки во редовите на Организацијата, како и фактот дека такви веќе имало. Најодзади Ѓорче го спомнува и решението на конгресот да се формира Задгранично претставништво во Бугарија и неговото определување заедно со Гоце Делчев да го формира ова тело.

---

[15] Необјавени спомени од Атанастас Лозанчев (во ракопис). Институт за национална историја, Скопје Сл. IV 84.

[16] Боян Мирчев, Спомени на някои активни деици.

[17] Становището на Централния комитетъ спрѣмо Врховния македонски комитетъ в България „Ил. Илиндень", бр. 75, стр. 7—9; бр. 79, стр. 7—9.

Податоците од неговите спомени за заминувањето на Ѓорче Петров во Бугарија како претставник на Организацијата и за неговиот долгогодишен престој таму, зборуваат за сосема нови проблеми и димензии од развитокот на Организацијата, кои по ништо не се помалку значајни од веќе спомнатите. Пред сè по важност прво место заземаат податоците за организирањето на Задграничното претставништво како орган на ЦК, потоа распределбата на работата во него, неговиот однос кон бугарската влада и спрема бројната македонска емиграција чиј голем дел бил организиран во Врховниот македоно-одрински комитет, а помал во социјалистичката група на В. Главинов, потоа за неговите методи за доаѓање до материјални средства и оружје за потребите на Организацијата и префрлањето на тоа одужје преку бугарска граница во Македонија. Важни се и податоците за создавање сопствена работилница за бомби на бугарската граница, како и обидите на Задграничното претставништво да ги опфати и македонските печалбари во Романија. Од овој дел на спомените особено се важни податоците за ставовите на бугарската влада и Врховниот комитет спрема претставниците на Задграничното претставништво и нивната стратегија во овие сложени односи до максимум да го исползуваат решението на бугарската влада за исфрлањето од употреба на застареното оружје и да го пренесат во Македонија, како и помошта на македонската емиграција за прибирање материјални средства и оружје и разочарувањето на задграничните претставители во „несебичноста” на тогашната бугарска влада и Врховен комитет за давање помош во оружје. Во целата наша мемоарска литература нигде не можат да се најдат такви богати и аргументирани податоци за махинациите на Врховниот комитет и младите офицерски групации околу него да се доберат до раководството на Централниот комитет во Солун. Впрочем за ова самиот Ѓорче Петров издаде посебна брошура во 1902 година под наслов „Македонското освободително дело на българска почва”[18]) во која ги подвргна на сериозна анализа пристапите на бугарската влада, а особено на нејзиното орудие, Врховниот комитет, за отстранување на Организацијата како основен фактор на македонското национално ослободително движење, за да може тој да ја преземе таа улога.

Посебно место во спомените на Ѓорче Петров заземаат неговите податоци за одразот на решението за кревање востание во 1903 година, потоа податоците за неколкуте состаноци и дискусиите за и против кревање на востанието[19]) среде ветераните и основоположниците на организацијата затечени во Софија, кога се донесло решението за кревање востание во Солун на јануарскиот конгрес. Од значење се исто така анализите на состаноците од кои се дознаваат мотивите и позадината

---

[18] Превод на истата книга и под истиот наслов се наоѓа во „Разгледи” год. XI бр. 10 (1969), стр. 1027.

[19] Христо Силянов во „Освободителнитѣ борби на Македония” I София 1933, стр. 204 му прави приговор на Ѓорчета божем за субјективност и тендециозност во предавањето на споровите во Ѓорчевите спомени но тој е лично засегнат и просто во бранењето и самиот станува субјективен.

на донесеното решение за кревање на планираното востание, како и посебната улога и одговорност на Иван Гарванов, Анастас Лозанчев и Даме Груев.

По пуштањето од интернација од Казанлак, каде го интернирала бугарската влада, Ѓорче Петров замина во Македонија за да земе учество во Илинденското востание, независно од неговото поранешно застапувано становиште за ненавременоста и неподготвеноста на народот за востанието. Ова заминување во Македонија му дало нова можност да ни даде во своите спомени, иако со голема доза на субјективност, а што може лесно да се забележи, непосредни податоци за инертната состојба на духовите сред селанството во Источна Македонија каде што ја поминал својата прилично голема чета во првите недели на кренатото востание на пат за реоните во Западна Македонија[20]). Во овој дел на спомените Ѓорче Петров дава податоци за причините на неподготвеноста на прилепската околија за востание и ситните акции на прилепската чета во време на востанието каде што најдолго време се задржал. Со доста поединости се опишани големата битка кај Чаништа во која заедно со Црногорецот доброволец, Јово Јовановиќ, и Костурско-тиквешките чети учествувал и Ѓорче Петров со своите луѓе, како и лутањата по Мориовските планини. Единствени по својата обопштеност се податоците од спомените на Ѓорче за настанатата тешка атмосфера по наредбата на Главниот штаб на Битолскиот округ за расформирање на четите: т.е. очајанието сред народот од неуспехот на востанието и поради заминувањето на многу војводи од Македонија, распаѓањето на големите чети и појавата на сосема мали четички со самозвани војводи што удриле во самоволство, појавата на фракционерски борби во Битолско, Прилепско, Велешко, Скопско и Воденско, како и обидот на Ѓорче да помогне да се излезе од оваа тешка ситуација, се скоро единствени описи во нашата мемоаристика што во така жива боја ја прикажале ужасната ситуација на народот и Организацијаат. Иако прилично скудни, но од значење за настанатата атмосфера на недоверба, се и податоците за неколкуте состаноци на Ѓорче со Пере Тошев и Даме Груев со цел да се пронајдат мерки и начини раскинатата мрежа на организацискиот механизам да проработи. Во таа смисла се и драгоцени податоците во Спомените на Ѓорче за одржаниот конгрес на Битолскиот округ во прилепските села, т.е. за неговиот состав, разгледувани прашања за децентрализација и демократизација на Организацијата во новосоздадените услови, потоа за заземаните ставови од поедини поважни учесници и решението за испраќање на донесените нови проекто-статути и правилници до сите окрузи на Организацијата во Македонија како материјал за идниот општ конгрес[21]). Ѓорче Петров

[20] Повторно и поопширно го опишал ова свое влегување во Македонија со четата и врвење преку Вардар во спомнатата статија „През Вардара". „Културно единство, I, бр. 3—4.

[21] Види го пропратното писмо до окрузите во прилогот на Љ. Лапе, „Документи за положбата во Македонија и во Организацијата во првата половина од 1904 г. Гласник на Институтот за национална историја V, 2 (1961) стр. 274—277. Спореди го

дава податоци и карактеристики за слабиот состав на Централниот комитет во Солун во првата половина од 1904 година, што го образложува со неспособноста на неговото раководство, а што се потврдува и од објавените документи за истиот ЦК[22]).

Патем спомнатите кратки податоци во Спомените на Ѓорчета за тоа дека добил задача од Солунскиот конгрес во 1896 г. да го изработи новиот устав на Организацијата и неговото категорично тврдење дека го изработил статутот со Делчева[23]), дека во времето кога се наоѓал во Велес во почетокот на 1904 година напишал правилник за уредбата на Месниот комитет на Велес и неговата околија[24]), дека забележувајќи ја во ова исто време појавата на изострени односи помеѓу граѓаните и селаните во Битолско, Прилепско и Велешко, односно озлобеноста на селаните затоа што им е префрлен од граѓаните целиот товар за издршка на организациските чети и друго и дека под влијанието на сето ова напишал во воденското село Саракиново „Правилниче за градските и селските организации и нивните меѓусебни односи"[25]) и најодзади неговиот податок за учеството во преработката на Дамевиот проект на Уставот поднесен на Прилепскиот конгрес од 1904 година, несомнено говорат за значајните способности на Ѓорче Петров како еден од најдобрите кодификатори на статутарните документи на Организацијата воопшто и на нејзините потчинети градски и селски комитети посебно.

Растурените низ Спомените податоци на Ѓорче Петров за неговото учество во издавање на нелегални или легални весници на Организацијата како на пример „На оружје" во Битола, 1894 г., „Востаник" во Солун 1895—1896 г., „Бунтовник" во Софија 1898—1899 г. се од крупно значење од една страна за разбирањето што Ѓорче Петров го имал кон печатот, а од друга страна за способностите на самиот Ѓорче како блескав публицист, идеолог и теоретик на македонската револуција[26]).

Во текот на својата богата активност од првите години на своето осознавање па сè до средината на 1904 година, до кога ги забележал неговите искажувања Љубомир Милетич, Ѓорче Петров бил во подолг или пократок контакт со многу луѓе пријателски или непријателски расположени кон национално-ослободителното движење на македонскиот народ. Со некои од нив, тукуречи, бил неразделен за подолг период. За сите нив во своите Спомени Ѓорче Петров дава извонредно драгоцени податоци за нивниот карактер, темперамент, нивните морално-политички и мисловни квалитети и друго. Несомнено на прво место стојат во таа смисла податоците за неговиот, неразделен во работата и помлад по години другар и соборец Гоце Делчев. Впрочем за него,

3

а овој Конгрес и пишувањето на учесникот Г. Поп Христов во неговата книга, „Революционна борба в Битолския окръг, София 1954 стр. 86—88.

[22] Пак на истово место во горниов прилог на Љ. Лапе стр. 253—270.

[23] Спомени на Ѓ. Петров, стр. 51.

[24] Спомени на Ѓ. Петров. стр. 198.

[25] Спомени на Ѓ. Петров, стр. 206.

[26] Види ја опширната анализа на в. „Бунтовник" во статијата на Г. Тодоровски, „Весникот Бунтовник на Ѓорче Петров како идеолошка подготовка на македонскиот революционерен чин". Сп. Разгледи, X, 10 (1968).

и само единствено за него од своите бројни другари, напишал и одржал по повод неговата смрт предавање во просториите на Софискиот универзитет, замолен од македонските студенти за тоа[27]). Се подготвувал Ѓорче да пишува опширна монографија и за својот неразделен врсник и соидејник во борбата од првите години на својата младост до неговата смрт т.е. за Пере Тошев, што се гледа од едно Ѓорчево писмо[28]), но за жал насилната смрт ја сопре реализацијата на оваа негова племенита намера. Без оглед на неисполнетата намера сепак во Спомените на Ѓорче Петров можат да се најдат не мал број интересни и до сега слабо ползувани податоци за ликот, моралните квалитети и политичките погледи на овој досега слабо проучен од редицата големи идеолози, организатори и борци на нашето македонсконационалноослободително движење, преку кои не би можел да премине ниеден македонски историчар кога би ја пишувал полната биографија на Пере Тошев.[29])

Не се поневажни ни податоците во Спомените на Ѓорче Петров ни за третата крупна личност во македонската историја — Даме Груев, особено за неговиот придонес во ширењето мрежите на Тајната македоно-одринска револуционерна организација и поконкретно за неговите ставови по прашањето на востанието и понатамошниот пат на Организацијата во новонастанатите услови по доживеаната катастрофа.

Иако ситни, но од значење се и некои податоци за Христо Татарчев, Христо Матов, Христо поп Коцев, сите членови на Централниот комитет во Солун, потоа за дипломатските агенти на бугарската влада во Македонија: Димитар Ризов, А. Шопов и Томо Карајовов и нивната подмолна игра против работата на Организацијата.

Како задграничен претставник Ѓорче Петров имал можност да се среќава и работи или да се бори со редица непријателски настроени личности кон македонското револуционерно движење. Во редицата на соборците секако од важност се податоците за до крај верниот на идејата за самостојноста на македонското национално-ослободително движење Никола Малешевски, пунктов началник на оружениот склад на Организацијата во Дупница, потоа за Никола Зографски, исто таков во Ќустендил. Особено се важни податоците за идејниот лик и тајните потфати на Борис Сарафов и офицерската група околу него, потоа за Иван Цончев, Иван Гарванов, Анастас Јанков и редица други непријателски расположени елементи кон Организацијата. За сите нив како поединци или група, а особено за Борис Сарафов со кого бил во често контакти, Спомените на Ѓорче Петров се неоспорно извор од прва рака без чие консултирање не би можела да се даде потполна и правилна

---

[27] Ова предавање го објави за првпат во списанието „Разгледи" бр. 5 за 1962 година Ванѓа Чашуле под наслов „Кон искажувањата на Ѓорче Петров за Гоце Делчев" стр. 443—463.

[28] Непознати писма и телеграми на Ѓорче Петров, ГИНИ XV, бр. 2 (1971 г.).

[29] Сосема малку од овие податоци ползувал единствениот биограф на Пере Тошев, неговиот внук Светозар Тошев, во својата книга „По кървав път. Очерк за живота и деиноста на Пере Тошев. Пловдив 1969.

карактеристика за ставот и улогата на овие во македонското национално ослободително движење.

Можат да се извлечат и уште други податоци освен набroените, но и овие се достаточни за да покажат дека Спомените на Ѓорче Петров по богатството на своите податоци од разновиден карактер, по начинот на нивното презентирање и осмислување, по настојувањата да се избегне до можни граници субјективноста во раскажувањето, вообичаена во овој род изворни материјали, претставуваат вистински резервоар од идеи и факти за нашето национално-револуционерно движење, одлична граѓа за проучување психологијата и битот на македонското општество во целина и на одделните негови издиференцирани класни групации во него. Мемоарите на Ѓорче Петров даваат исто така одлична можност да се направи солидна реконструкција на историскиот фонд врз кој се разигрувале настаните, да се долови атмосферата и колоритот на предилинденската и илинденската епоха, да се видат релјефно нејзините герои и пигмеи, како и да се согледа крупната улога на самиот Ѓорче Петров во нив како идеолог, организатор и стратег на македонското национално-револуционерно движење.

Ljuben LAPE

## LES MÉMOIRES DE GJORČE PETROV EN TANT QUE SOURCE POUR L'HISTOIRE DU MOUVEMENT DE LIBÉRATION MACEDONIENNE JUSQU'A L'ANNÉE 1904

(R é s u m é)

Dans cet article susdit l'auteur traite le problème des mémoires en tant que source pour l'histoire du peuple macédonien plus précisement, il s'arrête sur les mémoires du grand révolutionnaire macédonien et idéologue du mouvement révolutionnaire macédonien Gjorče Petrov, né à Prilép (Macédoine) en 1866 et tué en 1921 à Sofia.

Se trouvant provisoirement à Sofija de la fin du 1904 jusqu'en 1921, Gjorče Petrov a été prié par le philologue bulgare Ljubomir Miletić, en 1908, de rédiger ses mémoires sur sa collaboration dans le mouvement révolutionnaire macédonien; Gjorče Petrov consentit. A cause du voyage urgent de Gjorče Petrov en Macédoine provoqué par la révolution des „jeuner turques", Miletić, n'a réussi d'écrire les Mémoires de Gjorče Petrov qu'à partir du mois d'août 1904. Miletić a publié les Mémoires de Gjorče Petrov six ans après l'assassinat de selui-ci à Sofija. Elles étaient, publiées dans un livre separe contenant 208 pages et publie sous le tître „Les Mémoires de Gjorčo Petrov".

Dans l'introduction Miletić essaie de disqualifier Gjorče Petrov en lui attribuant des qualités d' homme qui se déclare démocrate, qui se sert de tous les moyens pour atteindre son but, qui se considère plus important que les autres chefs du mouvement révolutionnaire macédonien mais l'auteur de cet article conteste ces calomnies nonjustifiées.

En analisant les Mémoires que Miletić lui-même a écrit et en comparant les faits y contenus avec d'autres documents, l'auteur de l'articleco nclut: Les Mémoires de Gjorče Petrov représentent un veritable tresor d'idées et de faits inconnus sur le mouvement révolutionnaire macédonien depuis les dernières dizaines du XIX$^e$ jusqu'aux premières années du XX$^e$ siècle ayant une richesse des faits divers, la manière speciale de présentation, une evidente tendance d'éviter la subjectivité qui est typique pour ce genre de documents. Les Mémoires de Gjorče Petrov donnent la possibilité de faire une bonne reconstruction du fond historique dans lequel ont eu lieu les faits, de saisir l'atmosphère de l'époque pré- et ilindenienne, de voir en relief ses héros et ses traitres et d'y voir le grand rôle de Gj. Petrov comme organisateur, idéologue et stratègue du mouvement révolutionnaire macédonien.